# Приказна за менувањето

Ова е приказна за девојчето Маша. Маша била ученичка во 2-ро одделение. Сите деца од одделението сакале да се дружат со Маша. Со текот на времето Маша почнала да ги губи пријателите и децата не сакале да се дружат со неа. Кога и да требало да се менува со другарите Маша не сакала.

Еден ден, наставничката ги изнела децата во училишниот двор за да си подаваат со топка. Маша најпрво барала да биде прва во редот за фрлање топка. Потоа сакала да има уште две дополнителни фрлања. Наставничката се налутила заради однесувањето на Маша. И рекла да седне и да ги набљудува другите како си подаваат.

Утредента, наставничката повторно ги извела децата надвор да си играат со топка. Овој пат, никој од одделението не сакал Маша да учествува во играта, затоа што секогаш сака да биде прва и не сака да го почитува редот.

*Автор: ITSS-LAII*